# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| ”Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” Излегува по потреба | 30 Мај. 2008 год. Скопје Бр. 7 Год. III |
|---|---|



www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com



Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ; 02/2039-308 фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци


**Содржина:**


1. Нацрт - Одлука за утврдување на Детален урбанустички план за дел од УЗ Даме Груев-УБ1 Општина Ѓорче Петров........................................................ стр. 2
2. Заклучок за утврдување нацрт на Детален урбанустички план за дел од УЗ Даме Груев-УБ1 Општина Ѓорче Петров..........................................................стр.6
3. Предлог-Одлука за измени и дополнување на Одлуката за основање на Центарот за развој на Скопскиот плански регион........................................................стр.8
4. Предлог-Одлука за усвојување на Етичкиот Кодекс на локалните функционери во Р.М..............................................................................................стр.11


**Скопје, Мај 2008 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Нацрт-Одлуката за утврдување на Нацрт-ДУП за дел од УЗ Даме Груев-УБ 1, Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Нацрт-Одлуката за утврдување на Нацрт-ДУП за дел од УЗ Даме Груев-УБ 1, Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја усвои на Седумдесет и деветтата Седница на Советот, одржана на ден 29.05.2008 година.

**Број 08-1288/1**
**од 30.05.2008 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петровв (Службен гласник на Град Скопјев бр 5/2006) и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.Македонија број 51/05 и 137/07 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 79-тата седница одржана на 29.05.2008 година, донесе:

**Н А Ц Р Т-О Д Л У К А**
**за утврдување на Детален урбанистички план**
**за дел од УЗ Даме Груев-УБ1**
**Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдува Деталниот урбанистички план за дел од УЗ Даме Груев,УБ1 - Општина Ѓорче Петров - Скопје.

*Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје("Службен гласник на Град Скопје"бр.8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање,("Сл. весник на Р.Македонија" бр. 51/2005 и 137/2007), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006 и 140/2007)*

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се донесува Деталниот урбанистички план за дел од УЗ Даме Груев-УБ1, Општина Ѓорче Петров - Скопје, е со површина од 24,23 ха, со следни граници на опфат:

- на југозапад и југ: ул.Лука Геров
- на североисток: ул. Шарпланинска
- на северозапад: ул. Николај Островски
- на југоисток:крак на ул.Лепенец и ул.Лепенец

**Ч л е н 3**

Деталниот урбанистички план за дел од УЗ Даме Груев УБ1, Општина Ѓорче Петров е изработен од АД за урбанизам,архитектура и инженеринг "ЗУАС",Скопје со технички број 1441/2005.

Деталниот урбанистички план содржи:

**ВОВЕД**

**I.ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**
*А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ*

1. ***Вовед***
2. Местоположба, граници и површина

3. Природни карактеристики
4. Анализа на постојна состојба и насоки за организација на просторот
5. Хронологија на планирање на просторот
1. Цел на изработка на планот
2. Сообраќајна поврзаност
3. Состојба на природните и со работа создадени вредности
4. Комунален фонд
5. Оценка на можностите за просторен развој

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

***1 Извод од ГУП од 2002 год 1:5000***
2. Извод од ДУП од 1993 год...................................................... 1:1000
3. Ажурирана геодетска подлога............................................... 1:1000
4. Документациона основа
4.1.Инвентаризација и снимка на бесправна градба................... 1:1000
4.2.Инвентаризација на градежен фонд -2006 год...................... 1:1000
4.3.Инвентаризација на комунална инфраструктура.............. 1:1000

**II.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1. Вовед
2. Граници и површина
3. Просторен цонцепт
4. Намена на просторот и организација
5. Економско образложение за начинот,обемот и динамиката на финансирање на реализација на планските решенија
6. Поделба и нумерација на површината на планскиот опфат
7. Елементи за заштита на животната средина
8. Намена на површини и биланси
9. Инфраструктура
9.1.Сообраќајно решение
9.2.Нивелациски план
9.3.Хидротехничка инфраструктура
9.4.Електроенергетика И ПТТ инсталации
10. Општи и посебни услови

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. Синтезен план..................................................... 1:1000
1.1.Намена на површини и објекти
1.2.План на површини за изградба и висински план
1.3.План на парцелација
2. Сообраќаен и нивелациски план ....................... 1:1000
3. Инфраструктурен план
3.1.Хидротехничка инфраструктура и локации на трафостаници

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседавачот на Советот на Општината.

**Член 5**

Одделението за урбанизам, просторно планирање и животна средина на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршување на целокупната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на планот.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам, просторно планирање и животна средина на Општината.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во вСлужбен Гласник на Општина Ѓорче Петровг.

**Број 07-1232/3**
**од 29.05.2008 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Заклучокот за утврдување на Нацрт-ДУП за дел од УЗ Даме Груев-УБ 1, Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт-ДУП за дел од УЗ Даме Груев-УБ 1, Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Седумдесет и деветтата Седница на Советот, одржана на ден 29.05.2008 година.

**Број 08-1288/2**
**од 30.05.2008 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на чл. 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр.51/2005 и 137/2007), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ"бр.5/2002) и чл.16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров ("Службен гласник на Град Скопје" бр. 5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 79-тата седница одржана на ден 29.05.2008 година, расправајќи по Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за дел од УЗ Даме Груев,УБ1,Општина Ѓорче Петров-Скопје,го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

### за утврдување на Нацрт ДУП за дел од УЗ Даме Груев,УБ1-Општина Ѓорче Петров

1. Се утврдува текстот на Нацрт-Одлуката заутврдување на нацртот на Деталниот урбанистички план за дел од УЗ Даме Груев, УБ1-Општина Ѓорче Петров,Скопје со Нацрт ДУП како составен дел на Нацрт-Одлуката.

2. Надлежните органи на Општината, односно Градоначалникот и одделението за урбанизам, просторно планирање и животна средина на општина Ѓорче Петров ќе ја спроведат понатамошната постапка за донесување на овој Детален урбанистички план согласно член 24 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

3. Овој Заклучок ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-1232/3-1**
**од 29.05.2008 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампие Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за измени и дополнување на Одлуката за основање на Центарот за развој на Скопскиот плански регион**

Се објавува Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за основање на Центарот за развој на Скопскиот плански регион, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седумдесет и деветтата Седница на Советот, одржана на ден 29.05.2008 година.

**Број 08-1288/3**
**од 30.05.2008 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24, 25 и 26 од Законот за рамномерен регионален развој(Службен Весник на РМ, број 63/07), а во согласност со член 14 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Р.М. број 5/02) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров ( Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 79-тата Седница одржана на ден 29.05.2008 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на скопскиот плански регион**

**член 1**

Се врши измена и дополнување на Одлуката за основање Центар за развој на скопскиот плански регион, број о7-2896/5 од 11.12.2007 година објавена во Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 10/2007.

**член 2**

Во членот 7 точка 2 се менува и гласи :

- управува со имотот на Центарот за развој на скопскиот плански регион.

Во член 7 точка 3 се менува и гласи :

- го предлага годишниот финансиски план и завршната годишна сметка на Центарот.

**член 3**

Во членот 9 на сите места каде го има зборот *Буџет* се брише и се заменува со зборовите *финансиски годишен план*.

Во членот 10 зборот *предвидуваат* се брише и се заменува со зборот *планираат*.

**член 4**

Во членот 11после став 3 се додава нов став 4 кој гласи:

*Центарот за развој на скопскиот плански регион има сметка во системот на Трезорската сметка*.

**член 5**

Во членот 15 се додава нов став 2 кој гласи:

*До изборот на раководител на Центарот за развој на скопскиот плански регион се овластува претседателот на скопскиот плански регион да ги превземе обврските поврзани со регистрацијата на Центарот преку надлежните институции и останатите обврски утврдени со Законот за Рамномерен регионален развој и оваа Одлука*.

**член 7**

Во останатиот дел Одлуката за основање на Центар за развој на скопскиот плански регион останува иста.

**член 8**

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1232/4**
**од 29.05.2008 година**
**С к о п ј е**

**Советот на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Етичкиот Кодекс на локалните функционери во Р.М.**

Се објавува Одлуката за усвојување на Етичкиот Кодекс на локалните функционери во Р.М., што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седумдесет и деветтата Седница на Советот, одржана на ден 29.05.2008 година.

**Број 08-1288/4**
**од 30.05.2008 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 79-тата Седница одржана на ден 29.05.2008 година, донесе :

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Етичкиот кодекс на локалните функционери во Р.М.**

1. Советот на Општина Ѓорче Петров го усвојува Етичкиот кодекс на локалните функционери во Р.М.

2. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1232/5**
**од 29.05.2008 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**